03 ноември 2026

Multi Essence
ИМУНО
кесички за директна употреба, со вкус на лимон

ЗНМ: Петти ботски напад врз „Слободен печат“, цензура без цензор

Редакција 14 октомври 2026

Македонија, Топ стории

Здружението на новинарите на Македонија (ЗНМ) остро го осудува новиот ботски напад врз Инстаграм профилите на „Слободен печат“ од 13. октомври 2026 година. Според редакцијата, нападот се одвива по истиот образец како и претходните. Голем број лажни профили, главно од странство, за кратко време масовно реагира

на објавите на медиумот. Ова не изгледа како случајна или вообичаена активност на социјалните мрежи, туку како координиран притисок врз медиумот.

„Ова е петтиот бран на вакви напади врз „Слободен печат“ за помалку од една година. Првиот беше на 6. ноември 2025 година, по што медиумот првпат го заклучи својот профил. Следуваа напади на 25. декември 202 и на 3. јануари 2026 година. На 5 и 7. април 2026 година двата профила на медиумот беа повторно цел на координирана активност, со околу 10.000 лажни лајкови за само 15 до 20 минути, над 500 лажни следачи за пет минути, а потоа и над 10.000 барања за следење.

Последиците од ваквите напади не се само технички проблем. Кога илјадници лажни профили за неколку минут ќе почнат да следат или масовно да реагираат на содржините на еден медиум, алгоритмите на платформата можат таквата активност да ја препознаат како сомнителна.

Во Србија веќе имаше случаи во кои медиуми беа привремено суспендирани по вакви координирани напади со лажни профили.

Проблемот е што редакцијата има многу ограничени можности сама да се заштити. Заклучувањето на профилот може привремено да го намали нападот, но истовремено го ограничува пристапот на нови читатели до содржините. Наместо новинарите да се занимаваат со својата работа, редакцијата троши време на документирање на нападот, проверка на профилите и комуникација со платформата. На крајот, последиците ги чувствува и јавноста, бидејќи содржините на медиумот потешко стигнуваат до читателите,“ велат од ЗНМ.

Со правна помош од ЗНМ, „Слободен печат“ поднесе пријави до Министерството за внатрешни работи (МВР) во ноември 2025 и во април 2026 година, а по последниот напад се подготвува нова пријава.

ЗНМ ги повикува МВР и Основното јавно обвинителство да ги разгледаат сите досегашни напади како дел од ис образец, да ги обезбедат потребните податоци од „Мета“ и да утврдат дали зад нив стои организирано дејствување и кој е одговорен за него.

Случајот е пријавен и до „Мета“, како и преку Access Now, меѓународна организација која обезбедува поддршка во случаи на дигитални напади.

Нападите врз „Слободен печат“ се евидентирани и во базата на мрежата SafeJournalists.

За редакциите кои ќе се соочат со сличен проблем, ЗНМ има објавено и практичен водич за постапување при координирани дигитални напади.

На редакцијата и се дадени и конкретни насоки за документирање на секој нов напад, зачувување на доказите и пријавување на сомнителната активност, со цел профилите што е можно подолго да останат јавни и достапни за читателите. Тоа е единствениот начин јавноста да остане информирана. Доколку ботските напади продолжат крајниот ефект е цензура без формално да има цензор кој тенденциозно ќе брише текстови.

„Во таа насока, очекуваме и од „Мета“ посериозно да реагира на ваквите случаи, да ги открива и отстранува координираните мрежи на лажни профили и да обезбеди брз и директен механизам за поддршка на медиумите кои се цел на вакви напади“, велат од таму.

ботови, напад, Слободен печат



Преземањето на оваа содржина или на делови од неа без непосреден договор со редакцијата на еМагазин значи експлицитно прифаќање на условите за преземање, кои се објавени ОВДЕ.

ПРЕТХОДНА ВЕСТ
(Фото) Најмногу должат фирмите и државата, а најмалку граѓан…

СЛЕДНА ВЕСТ
Констатира оставката на заменик министерот за здравство, Ан…

Најчитани вести

Прва официјална посета на македонската Влада на Дојче Телеком во Бон
posted on 02 ноември 2026

И Руси во паника за Алта банка
posted on 03 ноември 2026

Ослободителна пресуда за Бојан Јовановски – Боки 13 за случајот „Меѓународен сојуз“
posted on 03 ноември 2026

Зошто е уапсен Давор Мацура, сопственикот на Алта банка
posted on 03 ноември 2026

Е-излог

(Фото) KIABI пристигна во Скопје: Француска мода за целото семејство сега достапна и за македонските купувачи
08 октомври 2026

Trussardi официјално пристигнува во Скопје во Рамстор Мол
18 мај 2026

Нови брендови и модерни концепти: Diamond Mall ја проширува својата понуда
06 мај 2026

Новата пролетна колекција на Primadonna Collection пристигна во Рамстор мол!
25 март 2026

Да помогнеме

По струен удар и пад од височина Стефан Петрушевс
има тешка повреда на ‘рбетот, потребни се средства
лекување во странство
02 ноември 2026

Потребна е помош за лекови и за трошоци за
семејството на 10-годишната Тијана, додека се лекув
во Скопје од канцер на мозок
28 октомври 2026

Потребни се средства за операција на видот на Трајк
Тодороски
19 октомври 2026

Да ѝ помогнеме на Симона, мајка на две деца која
боледува од карцином на дебело црево
08 октомври 2026

Забава

Врчак и Симона со „Сонце по дожд“ ја продолжуваат музичката приказна што започна пред години
02 ноември 2026

(Галерија) Како изгледаше последниот ден на Fashion Weekend Skopje
02 ноември 2026

Бесплатен концерт на Кирил Џајковски на 6. ноември
01 ноември 2026

(Галерија) Втор ден Fashion Weekend Skopje
01 ноември 2026

ДОЗНАЈ ПОВЕЌЕ

Lenovo
Idea Tab
AITONIX
Сè што ти треба. На еден допир.
Дознај повеќе
Lenovo


За само неколку минути
НЛБ Потрошувачки кредит
Вози го планот.
NLB Banka

Нова Triglav Card апликација!
Биди во предност.
Добиј на вредност.
Превземи
Google Play
App Store


ZAN MITREV
CLINIC
Месец на машко здравје
Брк по избор.
Преглед задолжителен!

18+ играј одговорно

Ky produkt nuk është pa rrezik, lëshon nikotinë
që shkakton varësi. Vetëm për të rritur.

emagazin.mk

Следи ја страницата

© 2025 Сите права се задржани | Developed by : Unet